РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 17 - 167/8
Датум 19.04.2011 200 _ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2, алинеа 4 и 104, став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08,103/8,26/9,83/09,99/09 и115/10, Одборот за акредитација на 38 седница одржана на 18.04.2011 година донесе

## РЕШЕНИЕ

**Со кое се акредитира студиската програма за вториот циклус двегодишни студии по Клиничка и советодавна психологија на Факултетот за психологија на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Г. Р. Дежавин" - Свети Николе, Република Македонија**

1. Се акредитира студиска програма од вториот циклус последипломски студии по **Киничка и советодавна психологија** на Факултетот за психологија, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за втор циклус студии за **Клиничка и советодавна психологија,** во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус и одбрана на магистерски труд, студентот се стекнува со научниот степен **магистер по психолошки науки**, научно-истражувачко подрачје: општествени науки, научноистражувачко поле: психологија, научна област: клиничка и советодавна психологија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за психологија на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт, „Р.Г.Државин" по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за организирање втор циклус на студии по Клиничка и советодавна психологија, како и одлуката за усвојување на студиските програми по клиничка и советодавна психологија од Управниот одбор, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од вториот циклус (последипломски студии), студиска програма по клиничка и советодавна психологија.

Одборот за акредитација на својата 33 седница одржана на 23.12.2010 година формира експертска комисија и на 38 седница одржана на 18.04.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**
**проф. д-р Михаил Петковски**

ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ
Г.Р.ДЕРЖАВИН СП 196/11

Примено на ден: 06.06 20 11 год.
Потпис